ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач: Градоначалник на
Општина Аеродром
Доц. д-р Тимчо Муцунски

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања

**Одлука**
**за измени и дополнувања**
**(Ребаланс)**
**на Буџетот на Општина Аеродром**
**за 2022 година**

**август, 2022 година**

**Образложение**

**Во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година**, со бр.09-472/25 од 31.12.2021 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.21/21 од 31.12.2021 година), Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-132/2 од 31.03.2022 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.05/22 од 31.03.2022 година), Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-198/3 од 11.05.2022 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.07/22 од 11.05.2022 година), како и Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година бр.09-265/3 од 15.06.2022 година (Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.10/22 од 16.06.2022 година), се вршат одредени измени и дополнувањата на финансиските средства (Ребаланс) во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година.

Измените и дополнувањата на финансиските средства (Ребаланс) во Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, се однесуваат на колоните: **основен буџет**, **блок дотации**, **донации** и **самофинансирачки активности**. Истите се резултат на измени во дел од планираните приходи, измени и дополна на планираните активности во расходниот дел врз основ на доставените барања од страна на секторите и одделенијата во општината, како и променетите потреби врз основ на доставените барања од страна на општинските буџетски корисници за одредени измени и дополнувања во нивните годишни планови по одделни потставки.

На **приходната страна,** измените во колоната **основен буџет** се однесуваат на потставка 741115 – Дотации од приходи од ДДВ.

Во колоната **самофинансирачки активности,** измените се однесуваат на: потставка 723112 – Средства за екскурзија; потставка 723116 – Надоместоци за оброци на училишта, градинки и други институции; како и потставка 723119 – Други помошни активности во образованието.

Во колоната **донации,** измените се однесуваат на потставка 742114 – Приходи од Европска Унија, потставката 742115 – Приходи од европски држави, како и потставката 744311 – Други тековни донации.

Во колоната **блок дотации,** измените се однесуваат на потставка 741114 – Пренесен вишок на приходи од претходната година и потставка 741120 – Блок дотации на општината по одделни намени.

На **расходната страна**, измените и дополнувањата на буџетот (Ребаланс), се однесуваат на измените и дополнувањата на потребите доставени од секторите и одделенијата на општината, како и измените и дополнувањата врз основ на доставените барања од страна на општинските буџетски корисници.

Измените во делот на **колоната основен буџет**, се изготвени во рамките на следните надлежности и програми и тоа во:

- **Надлежност А – Совет на општина,** Програма А0 – Совет на општина, вкупните планирани расходи се менуваат од 28.179.000 денари на износ од 33.809.000 денари, Програма А1 – Изборни активности и референдуми, вкупните планирани расходи се менуваат од 5.000.000 денари на износ од 4.822.000 денари;
- **Надлежност D – Градоначалник,** Програма D0 – Градоначалник, вкупните планирани расходи се менуваат од 5.240.000 денари на износ од 4.365.000 денари, Програма D1 – Месна самоуправа, вкупните планирани расходи се менуваат од 3.177.000 денари на износ од 2.547.000 денари;
- **Надлежност Е – Општинска администрација,** Програма Е0 – Општинска администрација, вкупните планирани расходи се менуваат од 148.100.000 денари на износ од 141.787.000 денари, додека во Програма ЕА – Капитални расходи на општината, вкупните планирани расходи се менуваат од 6.895.000 денари на износ од 5.795.000 денари;
- **Надлежност F – Урбанистичко планирање и уредување на просторот,** Програма F1 – Урбанистичко планирање, вкупните планирани расходи се менуваат од 16.100.000 денари на износ од 7.600.000 денари, Програма F2 – Уредување на градежно земјиште, вкупните планирани расходи се менуваат од 3.950.000 денари на износ од 3.050.000 денари,

додека во Програма FA – Капитални расходи за уредување на градежно земјиште, вкупните планирани расходи се менуваат од 76.625.000 денари на износ од 61.905.000 денари, вклучително расходите на развојната програма FAA на општината;

- **Надлежност G – Локален економски развој,** Програма G1 – Поддршка на локалниот економски развој, вкупните планирани расходи се менуваат од 1.000.000 денари на износ од 0 денари, Програма GA – Изградба на објекти, вкупните планирани расходи се менуваат од 3.000.000 денари на износ од 500.000 денари;

- **Надлежност J – Комунални дејности,** Програма J0 – Одржување на урбана опрема, планираните расходи се менуваат од 27.557.000 денари на износ од 31.277.000 денари; Програма J3 – Јавно осветлување, планираните расходи се менуваат од 76.902.000 денари на износ од 87.802.000 денари; Програма J6 – Одржување и заштита на локални патишта, вкупните планирани расходи се менуваат од 36.628.000 денари на износ од 43.770.000 денари; Програма J7 – Одржување и користење на паркови и зеленило, планираните расходи се менуваат од 30.961.000 денари на износ од 33.321.000 денари; Програма J8 – Други комунални услуги, планираните расходи се менуваат од 4.405.000 денари на износ од 4.205.000 денари; Програма JA – Изградба на јавно осветлување, планираните расходи се менуваат од 1.204.000 денари на износ од 814.000 денари; Програма JD – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, планираните расходи се менуваат од 1.515.000 денари на износ од 2.407.000 денари, вклучително расходите на развојната програма JDA на општината; Програма JE – Изградба на простор за паркирање, вкупните планирани расходи се менуваат од 750.000 денари на износ од 970.000 денари; Програма JF – Изградба на сообраќајна сигнализација, вкупните планирани расходи се менуваат од 7.280.000 денари на износ од 6.250.000 денари; Програма JG – Изградба на системи за водоснабдување, вкупните планирани расходи се менуваат од 443.000 денари на износ од 293.000 денари; Програма JI – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, вкупните планирани расходи се менуваат од 403.000 денари на износ од 223.000 денари; Програма JM – Капитални расходи за паркови и зеленило, вкупните планирани расходи се менуваат од 1.209.000 денари на износ од 1.509.000 денари, вклучително расходите на развојната

програма JMA на општината; како и Програма JN – Капитални расходи за урбана опрема, вкупните планирани расходи се менуваат од 7.415.000 денари на износ од 13.207.000 денари.

- **Надлежност К – Култура,** Програма К4 – Културни манифестации и творештво, вкупните планирани расходи се менуваат од 5.120.000 денари на износ од 4.910.000 денари; Програма КА – Капитални расходи во културата, вкупните планирани расходи се менуваат од 0 денари на износ од 250.000 денари;
- **Надлежност L – Спорт и рекреација,** Програма L0 – Спорт и рекреација, вкупните планирани расходи се менуваат од 39.000.000 денари на износ од 38.820.000 денари;
- **Надлежност X – Родова еднаквост,** Програма X1 – Родова еднаквост, вкупните планирани расходи се менуваат од 2.020.000 денари на износ од 480.000 денари;
- **Надлежност R – Заштита на животна средина и природа,** Програма R1 – Заштита на животна средина и природа, вкупните планирани расходи се менуваат од 3.420.000 денари на износ од 2.420.000 денари, како и Програма RA – Капитални расходи за заштита на животна средина и природа, вкупните планирани расходи се менуваат од 9.200.000 денари на износ од 7.700.000 денари;
- **Надлежност V – Детски градинки,** Програмата V1 – Детски градинки, вкупните планирани расходи се менуваат од 27.875.000 денари на износ од 29.165.000 денари, како и Програмата VA – Капитални расходи за детски градинки, вкупните планирани расходи се менуваат од 66.800.000 денари на износ од 65.400.000 денари, вклучително расходите на развојната програма VAA на општината.
- **Надлежност N – Образование,** Програмата N1 – Основно образование, вкупните планирани расходи се менуваат од 44.715.000 денари на износ од 56.220.000 денари, како и Програмата NA – Капитални расходи за основно образование, вкупните планирани расходи се менуваат од 20.460.000 денари на износ од 16.760.000 денари.

Во **колоната блок дотации**, измената и дополнувањето на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, се однесува на:

- **Надлежност N – Образование,** Програма N1 – Основно образование, вкупните планирани расходи се менуваат од 293.779.000 денари на износ од 302.040.000 денари, вклучително пренесениот вишок на приходи од минатата година;
- **Надлежност V – Детски градинки,** Програмата V1 – Детски градинки, вкупните планирани расходи се менуваат од 126.887.000 денари на износ од 148.842.000 денари, вклучително пренесениот вишок на приходи од минатата година.

Во **колоната донации**, измената и дополнувањето на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, се однесува на:

- **Надлежност G – Локален економски развој,** Програма G1 – Поддршка на локалниот економски развој, вкупните планирани расходи се менуваат од 10.995.000 денари на износ од 9.761.000 денари, Програма GA – Изградба на комерцијални објекти, вкупните планирани расходи се менуваат од 19.302.000 денари на износ од 12.400.000 денари;
- **Надлежност N – Образование,** Програмата N1 – Основно образование, вкупните планирани расходи се менуваат од 19.518.000 денари на износ од 22.264.000 денари.

Во **колоната самофинансирачки активности**, измената на Буџетот на Општина Аеродром за 2022 година, се однесува на:

- **Надлежност N – Образование,** Програмата N1 – Основно образование, вкупните планирани расходи се менуваат од 20.561.000 денари на износ од 16.973.000 денари, како и Програмата NA – Капитални расходи за основно образование, вкупните планирани расходи се менуваат од 3.695.000 денари на износ од 2.455.000 денари;
- **Надлежност V – Детски градинки,** Програмата V1 – Детски градинки, вкупните планирани расходи се менуваат од 53.380.000 денари на износ од 56.000.000 денари, како и Програмата VA – Капитални расходи за детски градинки, вкупните планирани расходи се менуваат од 3.120.000 денари на износ од 500.000 денари.

Со горенаведените измени, **консолидираниот Буџет на Општина Аеродром за 2022 година,** кој ги вклучува **основниот буџет**, **самофинансирачките активности, донациите** и **блок дотациите**, во вкупен износ се менува од износ од 1.279.105.000 денари на износ од 1.300.908.000 денари.

Градоначалник
на Општина Аеродром
Доц. д-р Тимчо Муцунски